РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02 -2268/1
21.10.2016 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ"бр. 13/2006, 86/2008,6/2010, 42/2014, 148/2015, 55/2016), и член 56 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј " во Скопје, Деканатската управа на факултетот на 42-та седница, одржана на 21.10.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за утврдување листа на информации од јавен карактер на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје**

**член 1**

Со оваа одлука се утврдува листата на информации од јавен карактер кои ги создал и со кои располага факултетот во своето работење во реализација на своите надлежности утврдени со закон.

**Член 2**

Листата на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои ги создава факултетот и тоа:

-органи на факултетот (*достапни на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk*)

-внатрешни организациони единици (*достапни на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk*)

-акти на органите на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје ( *достапни во Архивата на факултетот*)

-соопштенија во јавноста за тековни активности ( *достапни на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk*)

-план за јавни набавки ( *достапни на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk и Архивата на Факултетот*)

-годишни извештаи (*достапни на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk и Архивата на Факултетот*)

**Настава**

-извештаи за студенти по разни основи запишани на додипломски студии-прв циклус студии, на постдипломски студии- втор циклус на студии и докторски студии-трет циклус на студии (*достапни во извештаите на Заводот за статистика и Универзитетот*)

-извештаи за самоевалуација (*достапни на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk*)

-студиски програми за прв, втор и трет циклус студии (*достапни на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk и Одделение за студенски прашања*)

-распоред на предавања на факултетот, резултати од испит, запишување на студенти во зимски и летен семестар (*достапни на огласни табли на факултетот, веб страна www.fznh.ukim.edu.mk и Архивата)*

-практична настава за студентите (*достапни во Центарот за кариера)*

-регистар на наставно-научен кадар (*достапен на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk и во стручната служба на Факултетот)*

-регистар на соработнички кадар (*достапен на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk и во стручната служба на Факултетот)*

-библиотека (книжен фонд, списанија, билтени и сл.) (*достапни во Библиотека и на веб страна www.fznh.ukim.edu.mk)*

-рецензии за избор во наставно-научен и соработнички кадар, докторски дисертации и учебници (*достапни во Билтени на Универзитетот)*

**Научноистражувачка и апликативна дејност**

-научни и апликативни проекти *(достапни во Архивата на Факултетот)*

**Меѓународна соработка**

- договори за меѓународна соработка *(достапни во Архивата на Факултетот и Универзитетскиот весник на УКИМ )*

**Издавачка дејност**

Изданија на факултетот *(достапни во Библиотека)*

**Финансиско и материјално работење**

Годишен извештај за финансиско-материјално работење *(достапни во Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, централен регистар, Министерство за образование и наука)*

**Член 3**

Заштитени од правото на слободен пристап до информации се сите лични податоци согласно на Законот за заштита на лични податоци ( од матичното досие на вработените, досие на студентот) и други информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Деканот или овластено лице од деканот определува простории за увид во информациите на

Факултетот.

**Член 5**

Листата на информации од јавен карактер за Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје се објавува на веб страницата на факултетот.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: М.Коцевска

**ДЕКАН**

**Проф.д-р Драги Димитриевски**